Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-221/13
20-07-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–221/1 од 13.03.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] бр. 20-1/33 во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на АД Електрани на Северна Македонија, застапувано од Васко Ковачевски, генерален директор во време на поднесување на претставката, [redacted] за производство од ТЕЦ и производство на јаглен на АД Електрани на Северна Македонија, [redacted] Сектор за правни и општи работи во АД Електрани на Северна Македонија, [redacted] правен сектор при РЕК Осломеј, АД Електрани на Северна Македонија и [redacted] во Оддел за човечки ресурси при Сектор за општи и правни работи во АД Електрани на Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 13.07.2023 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на лицата Васко Ковачевски, [redacted] вработени во АД Електрани на Северна Македонија, кон лицето [redacted] од Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 13.03.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08–221/1, од страна на подносителот [redacted] од Скопје, а против лицата Васко Ковачевски, како генерален директор на АД Електрани на Северна Македонија во време на поднесување на претставката, понатаму, [redacted] производство од ТЕЦ и производство на јаглен на АД Електрани на Северна Македонија, [redacted] правни и општи работи во АД Електрани на Северна Македонија, [redacted]

[redacted] правен сектор при РЕК Осломеј, АД Електрани на Северна Македонија и [redacted] во Оддел за човечки ресурси при Сектор за општи и правни работи во АД Електрани на Северна Македонија, врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Во претставката за заштита од дискриминација подносителот посочува дека работел во Дирекцијата на АД Електрани на Северна Македонија-Скопје (во понатамошниот текст: АД ЕСМ) како Диспечер во Сектор за производство на електрична енергија се до 01.11.2020 година кога добил Одлука за откажување на договор за вработување поради деловни причини со понуда за склучување на нов променет договор за вработување со Одлука за распоредување на работник во друг организационен дел на друштвото. Поради егзистенцијални причини бил принуден да го прифати вака понудениот договор за работа во РЕК Осломеј при АД ЕСМ каде бил распореден на најниско инженерско место со коефициент 2,3 споредено со претходното место каде коефициентот бил 2,8 што претставувало разлика во износот на плата од 15.000-16.000,00 денари на месечно ниво. Со прифаќањето на Одлуката, секојдневно патувал на релација Скопје-РЕК Осломеј-Скопје, согласно дадениот распоред од претпоставените за работа во време на Ковид 19 пандемијата. За патувањата до работното место и назад редовно со Дописи до Сектор за општи и правни работи и Сектор за финансии доставувал фискални сметки од гориво и патарини. Понатаму, тогашниот Генералниот директор Васко Ковачевски издал работен налог за времено извршување на работи во Подружница ХЕС Треска-Скопје објект ХЕЦ Козјак, во траење од 60 дена односно од 23.12.2020 година до 20.02.2021 година, а потоа последователно работен налог на секои 60 дена до денот на поднесување на претставката. Согласно Колективниот договор на АД ЕСМ редовно доставувал Дописи со барање за исплата на патни трошоци и теренски додаток, за што од страна на РЕК Осломеј-Сектор за правни работи му било издадено Решение за исплата на надомест за користење на приватно возило за службени цели за неколку денови во месец ноември 2020 година и исплатени му биле патни трошоци по Решение во месец февруари 2021 година. На допис до РЕК Осломеј за исплата на теренски додаток добил одговор дека му е обезбеден превоз до работното место во ХЕЦ Козјак со оглед дека местото на неговото живеење е во Скопје. Поради наведеното во ноември 2022 година поднел тужбено барање пред надлежен граѓански суд за исплата на патни трошоци и теренски додаток заклучно со 14.12.2021 година, за кое судската постапка е во тек. Воедно, наведува дека има поднесено и тужбено барање пред надлежен граѓански суд за поништување на Одлука за откажување на договор

за вработување поради деловни причини и незаконска распределба од една во друга организациона единица на друштвото. Истакнува дека раководството на РЕК Осломеј на дел од вработените во РЕК Осломеј кои се со идентичен работен налог, но за работа во РЕК Битола, им исплатува теренски додаток согласно Колективниот договор што го наоѓа за дискриминирачки.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 20.03.2023 година со Барања за произнесување по наводи во претставка се обрати до Васко Ковачевски, тогаш Генерален директор на АД ЕСМ Скопје, [redacted] за производство од ТЕЦ и производство на јаглен на АД Електрани на Северна Македонија, [redacted] Сектор за правни и општи работи во АД Електрани на Северна Македонија, [redacted] на правен сектор при РЕК Осломеј, АД Електрани на Северна Македонија и [redacted] вработена во Оддел за човечки ресурси при Сектор за општи и правни работи во АД Електрани на Северна Македонија.

На 03.04.2023 година доставено е произнесување по наводи во претставка заведено под број 08-221/8 од страна на Васко Ковачевски во кое е наведено дека ги смета за неточни и во целост неосновани наводите содржани во поднесената претставка за заштита од дискриминација и дека во истата не е наведен актот, дејството или постапката со која наводно вработениот [redacted] е ставен во понеповолна положба од други вработени, ниту пак наведува каков е личниот или општетсвениот статус поради кој е дискриминиран. Наведува дека подносителот има поведено две судски постапки пред Основен граѓански суд во Скопје против работодавачот АД ЕСМ, и тоа за поништување на Одлука за откажување на договор за вработување и понуда на нов променет договор и постапка за парични побарувања за теренски додаток и патни трошоци за користење на сопствено возило за службени потреби. Видно од наводи во претставка истакнува дека Одлуката за откажување на договор за вработување е донесена на 01.11.2020 година па во таа смисла истакнува процесен приговор дека претставката не е поднесена во законски утврдениот рок со член 24 став (5) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Воедно истакнува дека со оглед да за иста работа е поведена судска постапка, согласно член 27 став (5) од истиот закон, Комисијата треба да донесе заклучок за непостапување или запирање на постапката. Во секој случај истакнува дека посочените акти на кои се повикува подносителот на претставката се донесени заради подобра организација на работниот процес на друштвото онака како што налагаат потребите за работа на друштвото и

неговите подружници. Понатаму појаснува дека заради потребата од извршување на работи кај работодавачот на подносителот на претставката откажан му е Договор за вработување од 09.05.2019 година и понуден му е нов променет Договор за вработување во Подружница РЕК Осломеј. Наведеното заради новонастанатата состојба со Ковид 19 пандемијата и недостигот на соодветен стручен кадар. Новопонудениот договор [redacted] го прифатил и е распореден на работно место за кое бил потребен ист степен на стручна подготовка и знаење стекнато низ работното искуство. Понатаму поради потребата за работа и извршување на работите на друштвото на ХЕЦ Козјак донесени се работните налози на кои се повикува гореименуваниот и истите уредно ги има примено и воопшто ги нема приговорено, а согласно член 27 став (5) од Статутот на АД ЕСМ видно до кој генералниот директор го организира и раководи со процесот на работа и работењето на Друштвото. Заклучува дека сите акти не се донесени заради било каков личен или општетсвен статус туку како резултат на работните процеси во друштвото.

На 30.03.2023 година Одговор под број 08-221/7 е доставен од [redacted] во кој е наведено дека наводите во претставката се неосновани во целост и истите ги оспорува. Со оглед да подносителот има заведено судски спорови, наоѓа дека се работи за граѓанско правен спор помеѓу подносителот и АД ЕСМ како работодавач па следствено Комисијата треба да постапи согласно член 24 став (5) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Наведува дека од негова страна не е сторена дискриминација спрема подносителот и на истиот како и на останатите вработени му се исплаќа плата и сите надоместоци кои согласно Закон за работни односи и Колективен договор му следуваат.

На 03.04.2023 година доставен е Одговор број 08-221/10 од [redacted] во кој истакнува дека таа не е одговорно лице во АД ЕСМ и како вработена на работно место [redacted] Сектор за општи и правни работи согласно хиерархијата и описот на работните задачи нема овластување да одлучува за работни налози, распоредување или да одбива барања на вработени во врска со остварување на нивните права кои произлегуваат од работниот однос, следствено не сторила било каква дискирминација извршувајќи ги работните задачи. Воопшто не и е познат личниот или општетсвениот статус на подносителот на претставката, а во делот од формуларот на претставката кој се однсува на опис на настанот заради кој подносителот наоѓа дека е дискриминиран, истата воопшто не е спомената.

На 03.04.2023 година до Комисијата е доставен Одговор број 08-221/9 од Елена Антониевиќ во кој е наведено дека именуваната како вработена во Оддел за човечки ресурси во Сектор за општи и правни работи нема одлучувачка моќ, односно не е овластен потписник на акти кои се изготвуваат при работењето.

Воедно напоменува дека во опис на настанот од кој треба да произлезе актот на дискирминација не е наведено како таа го има загрозено личниот или општетсвениот статус на подносителот за кој нема никакви сознанија.

На 10.04.2023 година доставен е Одговор број 08-221/11 од [redacted] во кој именуваната наведе дека откако [redacted] почнал да ги извршува работните задачи во РЕК Осломеј поднел барање за исплата на патни трошоци за користење на приватно возило за службени потреби согласно Колективниот договор, за што врз основа на Решение е извршена исплата. Истото е направено и за други вработени распоредени во РЕК Осломеј, без дискриминација. Од страна на именуваниот во ист период биле доставени барања за исплата за одвоен живот, барање за исплата на теренски додаток, барање за исплата на трошоци за користење на приватно возило за службени потреби и за прекувремени часови остварени при патување од местото на живеење до работното место кои надоместоци согласно член 80 од Колективниот договор се исклучуваат меѓусебе. Поради ова исплатата била стопирана, а на работникот му било посочено да одлучи кој надоместок ќе го користи како би можеле да реализираат исплата врз основа на одредби од Колективен договор. Во врска со неисплатените теренски додатоци на именуваниот му бил доставен Допис од РЕК Осломеј согласно кој е наведено дека при обезбеден превоз до работното место нема основ за исплата на теренски додаток. Воедно во Одговорот е посочено дека работникот во прилог на барањата за исплата не доставувал докази како што се доказ за одвоен живот-договор за закуп на станбен простор, патен налог за службено патување издаден од директор на подружница, а прекувремени часови при патување од местото на живеење до работното место не се земаат предвид според ниту еден важечки пропис.

Имено согласно член 73 став (1) алинеја 2 од Колективниот договор на АД ЕСМ работникот има право на надомест на трошоците поврзани со работата и тоа теренски додаток, согласно алинеја 3 користење на приватен автомобил за службени потреби и алинеја 4 одвоен живот од семејството. Согласно член 77 став (1) од договорот за престој на терен на работникот му се исплатува теренски додаток, а под престој на терен се подразбира престој на работникот надвор од местото каде постојано ги обавува работите од работното место на кое е распореден повеќе од 24 часа или за повремено обавување на работа повеќе од 8 часа дневно на објекти кои се во фаза на изградба. Во член 78 од договорот е предвидено дека работникот има право на надомест за користење на приватен автомобил за службени потреби во висина од 30% од цената на литар гориво за изминат километар, а член 79 уредува дека работникот има право на надомест за одвоен живот во висина од 60% од просечната месечна нето плата во

републиката исплатена во претходните 3 месеци. Конечно член 80 пак предвидува дека дневницата за службено патување, надомест за одвоен живот и теренски додаток меѓусебно се исклучуваат.

Од сето гореизнесено, Комисијата ја констатира следната фактичка состојба:
На работникот [redacted] од Скопје откажан му е Договор за вработување од 09.05.2019 година во АД ЕСМ Скопје и понудено му е склучување на нов променет договор за вработување за извршување на работни задачи во РЕК Осломеј кој истиот го прифатил и потпишал. Поради потребата за работа и извршување на работите на АД ЕСМ на објект ХЕЦ Козјак донесени се работни налози во траење од по 60 дена со кои именуваниот е упатен на работа во ХЕЦ Козјак. На именуваниот по решенија исплатен му е надомест за користење на приватно возило за службени потреби за неколку работни денови во ноември 2020 година и патни трошоци во февруари 2021 година. Со оглед дека за времетраењето на извршување на работните задачи во РЕК Осломеј и ХЕЦ Козјак поднесувал барања за исплата на неколку надоместоци, од страна на работодавачот посочено му е дека согласно член 80 од Колективниот договор надоместоците за одвоен живот, за исплата на теренски додаток и за користење на приватен автомобил за службени потреби-меѓусебно се исклучуваат. Дополнително, подносителот на претставката има заведено и граѓански спорови пред надлежен суд за поништување на Одлука за откажување на договор за вработување поради деловни причини и за исплата на патни трошоци и теренски додаток.

Во смисла на наведеното Комисијата наоѓа дека подносителот на претставката Горан Николов од Скопје не стори веројатно дека АД ЕСМ сторил дискриминација спрема него врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи како што е дефинирана во член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, и тоа *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.* Имено, се работи за потреба подносителот да го стори веројатно постоењето на причинско-последична врска помеѓу понеповолното постапување и настанатата повреда или штета. Дотолку повеќе што не е јасно кои околности упатуваат на негова заштитна карактеристика-лично својство и општествен статус, а кои се наведени како дискриминаторска основа. Имено, најчесто под личен или општествен статус се подразбира основа за заштита

која се врзува со надворешниот физички изглед и карактеристики, со неговото потекло, поврзаност со одредена професија, сегашен или поранешен статус на затвореник, имигрант итн. Тој е одреден од лична карактеристика која лицето ја има или се претпоставува дека ја има, или со статусот во општеството кој се смета дека едно лице го ужива, а поврзано со овие лични карактеристики.

Процесните приговори пак, истакнати од работодавачот АД ЕСМ за водење на судска постапка за истата работа, Комисијата ги отфрли како неосновани. Ова од причина што судските спорови кои се водат пред надлежен суд не се по тужба за дискриминација, туку се работи за тужбени барања во областа на работните спорови. Во врска со приговорот за ненавременост на претставката, иако во истата подносителот се повикува на настани, односно дејствија кои се случиле пред повеќе од шест месеци, односно една година од датумот на поднесување на претставката, подносителот наведува дека се случуваат до денес, односно до моментот на поднесување на претставката.

Заради сето наведено, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
13.07.2023 година

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- Горан Николов, ул" 1738", бр. 20-1/33, Скопје
- Васко Ковачевски, поранешен генерален директор на АД ЕСМ Скопје, ул. 11 Октомври, бр. 9, Скопје
- Љупчо Кижевски, помошник директор, ул. "11 Октомври", бр. 9, Скопје
- Данче Трајановска, ул. "11 Октомври", бр. 9, Скопје
- Елена Антониевиќ, ул. "11 Октомври", бр. 9, Скопје
- Влора Сула, Подружница РЕК Осломеј, Осломеј, Кичево
- Архива